# Квалитативен и квантитативен пристап на модуларните единици по физика

Славица Ѓоргиева[1], Зорица Масникоса[2]

*[1]СОУ Коста Сусинов, Радовиш, Македонија,*
*[2]СОУУД Димитар Влахов, Струмица, Македонија*

**Апстракт.** Во учебната 2019/2020 година наставниците по физика се соочени со промени во наставните програми во стручното образование. Дискусијта почнува од моментот кога ние наставниците присуствувавме на обука за изработка и анализа на новите програми. Со оваа тема настојуваме да се потикне критичкото размислување за квалитативен и квантитативен преглед од страна на наставниот кадар поради следниве сегменти: изучување на иста наставна програма кај сите струки, укинување на дел од часовите по физика кај одредени струки, зголемување/намалување на наставни едници кои немаат поврзаност со одредена струка и пренесување на практични искуства од учениците во однос на новата наставна содржина. За да се воочи пропустот е направена корелација на постоечките и новите наставни програми на одредени струки.